**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-39

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво за телекомуникациски услуги ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип, со седиште на ул. Ванчо Прке бр. 88 Штип**,** преку овластено лице Зоран Ристов - управител**,** на седницата одржана на ден 14.02.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Друштвото за телекомуникациски услуги ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип, со седиште на ул. Ванчо Прке бр. 88, Штип ќе стекне контрола над Трговско радиодифузно друштво – оператор на пренос на мрежа ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО со седиште на ул. Богомилска бр. Б1, Охрид, преку стекнување на удел, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 31.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Друштво за телекомуникациски услуги ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип, со седиште на ул. Ванчо Прке бр. 88, Штип со која Друштво за телекомуникациски услуги ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип, ќе стекне контрола над Трговско радиодифузно друштво –

оператор на пренос на мрежа ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО со седиште на ул. Богомилска бр. Б1, Охрид.

Комисијата при испитување на известувањето и оценка на концентрацијата, ја утврди следната фактичка состојба:

**1. Учесници во концентрацијата: фирма, седиште и предмет на работење:**

Друштво за телекомуникациски услуги ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип (во понатамошниот текст: ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип) (со поранешен назив РОБИ ДООЕЛ Штип) со седиште на ул. Ванчо Прке бр. 88, Штип е оператор на јавна комуникациска мрежа и давател на јавни комуникациски услуги на територијата на Република Северна Македонија, со регистрирана приоритетна дејност – дејности на жичани телекомуникации. Основан е во 1998 година.

ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип на своите претплатници им ги нуди следните јавни електронски комуникациски услуги: пристап до телевизиски содржини/телевизија, интернет, фиксна телефонија и мобилна телефонија. Услугите: пристап до телевизиски содржини/телевизија, интернет и фиксна телефонија ги нуди преку сопствена комуникациска мрежа, додека услугата мобилна телефонија ја нуди преку изнајмена комуникациска мрежа од Македонски Телеком АД Скопје и оваа услуга ја нуди како виртуелен мобилен оператор.

Комуникациските услуги: пристап до телевизиски содржини/телевизија, интернет, фиксна телефонија и мобилна телефонија ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип во моментот ги нуди во 17 градови во Северна Македонија. Целосната покриеност со сопствена комуникациска мрежа каде ги нуди комуникациските услуги: пристап до телевизиски содржини/телевизија, фиксен интернет и фиксна телефонија, ги опфаќа градовите: Штип, Битола, Велес, Струмица, Кавадарци, Кочани, Св.Николе, Скопје, Радовиш, Неготино, Прилеп, Охрид, Гевгелија, Пробиштип, Делчево, Валандово и Кичево. Услугата „мобилна телефонија со можност за „мобилен интернет„ ја нуди преку изнајмената мобилна комуникациска мрежа на Македонски Телеком АД Скопје на територијата на Република Северна Македонија.

Основачот на ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип г-динот Роберт Димитров е сопственик на 89,77% акции на Друштвото за трговски промет ЕЛМАР АД Штип со седиште на ул. Тошо Арсов бр. 36 во Штип, кое обавува дејност: издавање или управување со сопствен недвижен имот и има добиено лиценца за работа на друштвото за вршење сметководствени работи.

Трговско радиодифузно друштво – оператор на пренос на мрежа ИНФЕЛ – КТВ ДОО Охрид (во понатамошниот текст: ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО) со седиште на ул. Богомилска бр. Б1, Охрид, е оператор на јавна комуникациска мрежа и давател на јавни комуникациски услуги кој е нотифициран и активен учесник на пазарот за електронски комуникации на територијата на

општина Охрид, со регистрирана приоритетна дејност други телекомуникациски дејности. Основан е во 2001 година.

ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО на своите претплатници им ги нуди следните јавни електронски комуникациски услуги: пристап до телевизиски содржини/телевизија и широкопојасен пристап на интернет, преку сопствена комуникациска мрежа.

Основачи и иматели на удели во ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО се г-дин Гоце Ивановски и Друштво за производство, инжинеринг и услуги ИНФЕЛ Гоце увоз – извоз Охрид ДООЕЛ.

Основачот на ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО, Друштвото за производство, инжинеринг и услуги ИНФЕЛ Гоце увоз – извоз Охрид ДООЕЛ е основано од г-дин Гоце Ивановски и ја обавува дејноста – останати завршни градежни работи.

**2. Правна форма на концентрацијата**

Правна форма на концентрацијата е стекнување на контрола во смисла на член 12 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Со склучување на преддоговор за пренос на удел помеѓу Гоце Ивановски од Охрид, Друштво за производство, инжинеринг и услуги ИНФЕЛ Гоце увоз-извоз Охрид ДООЕЛ и ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип**,** договорните страни се договараат дека ќе склучат главен договор за пренос на удел откако примателот на уделот ќе добие решение од Комисијата за заштита на конкуренцијата со кое ќе се утврди дека концентрацијата е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, а во смисла на чл. 20 ст.1 т.1 од истиот закон, како и по исплаќањето на купопродажната цена во целост.

**3. Правен основ на концентрацијата**

Правен основ за настанување на предметната концентрација е Преддоговор за пренос на удел склучен на 18.01.2024 година, помеѓу Гоце Ивановски од Охрид, Друштво за производство, инжинеринг и услуги ИНФЕЛ Гоце увоз-извоз Охрид ДООЕЛ и ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип.

**4. Вкупен годишен приход на учесниците на концентрацијата**

ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип не остварува приходи од продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар.

Вкупниот годишен приход на ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип, остварен со продажба на стоки и/или услуги на пазарот во Република Северна Македонија во 2022 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува xxx евра[1] или во денарска противвредност xxx денари.

ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО не остварува приходи од продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар.

Вкупниот годишен приход на ИНФЕЛ – КТВ, остварен со продажба на стоки и/или услуги на пазарот во Република Северна Македонија во 2022 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува xxx евра или во денарска противвредност xxx денари.

Заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на светскиот пазар го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност и еден од учесниците е регистриран во Република Македонија. Дополнително, заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на пазарот во Република Северна Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност. Следствено, известената концентрација е предмет на одобрение од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 14 став (1) точка 1 и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

## 5. Релевантни пазари

### 5.1. Релевантен пазар на производ

ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип има нотификација од Агенцијата за електронски комуникации - потврда за нотифицирани јавни електронски комуникациски мрежи/услуги на национално ниво односно на територијата на Република Северна Македонија.

ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип на своите претплатници им ги нуди следните јавни електронски комуникациски услуги: пристап до телевизиски содржини/телевизија, интернет, фиксна телефонија и мобилна телефонија. Услугите: пристап до телевизиски содржини/телевизија, интернет и фиксна телефонија ги нуди преку сопствена комуникациска мрежа, додека услугата мобилна телефонија ја нуди преку изнајмена комуникациска мрежа од Македонски Телеком АД Скопје и ова услуга ја нуди како виртуелен мобилен оператор.

---

[1] Среден курс на НБРСМ на 31.12.2022 година 1 евро=61,4932 денари

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Комуникациските услуги: пристап до телевизиски содржини/телевизија, пристап до интернет, фиксна телефонија и мобилна телефонија ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип во моментот ги нуди во 17 градови во Македонија. Целосната покриеност со сопствена комуникациска мрежа каде ги нуди комуникациските услуги: пристап до телевизиски содржини/телевизија, пристап до интернет и фиксна телефонија, ги опфаќа градовите: Штип, Битола, Велес, Струмица, Кавадарци, Кочани, Св.Николе, Скопје, Радовиш, Неготино, Прилеп, Охрид, Гевгелија, Пробиштип, Делчево, Валандово и Кичево. Услугата „мобилна телефонија со можност за „мобилен интернет„ ја нуди преку изнајмената мобилна комуникациска мрежа на Македонски Телеком АД Скопје на територијата на Република Северна Македонија.

ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО има нотификација од Агенцијата за електронски комуникации - потврда за нотифицирани јавни електронски комуникациски мрежи/услуги на локално ниво односно на ниво на територијата на општина Охрид.

ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО на своите претплатници на територијата на градот Охрид им ги нуди следните јавни електронски комуникациски услуги: пристап до телевизиски содржини/телевизија и широкопојасен пристап на интернет, преку сопствена комуникациска мрежа.

За целите на оценка на пријавената концентрација и со оглед на предметот на работење на учесниците во концентрацијата, Комисијата ги анализираше следните релевантни пазари на производ и тоа:

- Пазар на обезбедување на услуги на пренос на аудио-визуелни содржини до крајни корисници и
- пазар на обезбедување на услуги на широкопојасен интернет пристап за крајни корисници (пристап до интернет);

со оглед на фактот што учесниците во концентрацијата се поклопуваат токму на овие пазари.

**5.2. Релевантен географски пазар**

За целите на оценка на предметната концентрација, релевантниот географски пазар може да се дефинира пошироко како национален односно територијата на Република Северна Македонија со оглед на фактот што операторите на јавни електронски комуникациски услуги се регистрираат во Агенцијата за електронски комуникации за географско подрачје територијата на Република Северна Македонија. ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип има нотификација од Агенцијата за електронски комуникации - потврда за нотифицирани јавни електронски комуникациски мрежи/услуги на национално ниво односно на територијата на Република Северна Македонија.

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Дополнително, релевантниот географски пазар може да се дефинира потесно како локален односно територијата на општина Охрид, со оглед на фактот активностите на стекнувачот на контрола и на целното друштво се поклопуваат на територијата на Општина Охрид.

Комисијата го остава отворено прашањето на дефиницијата на релевантен географски пазар, односно дали истиот е национален или постои и потесен географски пазар, кој во конкретниот случај би можел да се дефинира како територија на општина Охрид, бидејќи било која алтернативна дефиниција да се земе нема да влијае врз крајната оценка на концентрацијата.

## 6. Проценка на пазарните удели на учесниците во концентрацијата

### 6.1. Пазар на обезбедување на услуги на пренос на аудио-визуелни содржини до крајни корисници (пренос на ТВ содржини до крајни корисници)

Обезбедување на услуги на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници опфаќа пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници со користење на различни технологии (кабелска телевизија, сателитска телевизија, IPTV и DVB-T). Независно од технологијата која се користи, Комисијата утврди дека постои единствен пазар на обезбедување на услуги на пренос на аудиовизуелни содржини до крајни корисници.




- **Удел на операторите во пренос на ТВ содржини до крајни корисници во 2022 година**

Доколку релевантниот географски пазар се дефинира како национален, според Извештајот на АЕК за развој на пазарот на електронски комуникации за 2022 година, ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип има пазарно учество од 18,95%, додека ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО (кој влегува во групата останати) има пазарно учество од 0,85%.

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Оттука доколку релевантниот географски пазар се дефинира како национален, заедничкото пазарно учество на учесниците во концентрацијата ќе изнесува 19,8%, односно пазарното учество на ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип ќе се зголеми незначително.

Доколку релевантниот географски пазар се дефинира како територија на Општина Охрид, според подносителот на известувањето, пазарниот удел на ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО на пазарот на обезбедување на услуги на пренос на аудио-визуелни содржини до крајни корисници (во последниот пресметковен квартал Q 3 2023 година) изнесува 10-20%, додека пазарниот удел на ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип изнесува 10-20%, па оттука заедничко пазарно учество при вакво потесно дефинирање на пазарот ќе изнесува 30-40%.

Според подносителот, претплатниците/потрошувачите и од ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО и од ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип можат без никакви последици да ги сменат овие два оператори, бидејќи стандардните претплатнички договори што учесниците во концетрацијата ги склучиле и ги склучуваат со своите претплатници се без обврзувачки услови и казнени пенали, склучени на неопределено време, а на пазарот на електронски комуникации на територијата на општина Охрид даватели на електронски комуникациски услуги се, покрај ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО и ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип, уште 5 национални оператори на електронски комуникациски мрежи и даватели на електронски комуникациски услуги, и уште 2 локални/регионални оператори. Понудата на електронски комуникациски услуги на територијата на општина Охрид е богата и шаренолика, па корисниците/потрошувачите имаат широк избор на можности во ист или сличен ценовен опсег, кај бројните понудувачи.

### 6.2. Пазар на обезбедување на услуги на широкопојасен интернет пристап за крајни корисници (пристап до интернет)

Доколку релевантниот географски пазар се дефинира како национален, според Извештајот на АЕК за развој на пазарот на електронски комуникации за 2022 година од 79 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК, 76 субјекти ја обезбедуваат услугата за пристап до интернет.




- **Удел на операторите според бројот на активни претплатници со фиксен пристап до интернет со широк опсег во 2022 година**

Според наведениот извештај, ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип има пазарно учество од 12,38%, додека ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО (кој влегува во групата останати) има пазарно учество под 1%. Оттука доколку релевантниот географски пазар се дефинира како национален, заедничкото пазарно учество на учесниците во концентрацијата ќе изнесува 13,38%, односно пазарното учество на ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип ќе се зголеми незначително.

Доколку релевантниот географски пазар се дефинира како територија на Општина Охрид, според подносителот на известувањето ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО на пазарот на обезбедување на услуги на широкопојасен интернет пристап за крајни корисници (пристап до интернет) на територијата на општина Охрид (во последниот пресметковен квартал Q 3 2023 година) има пазарно учество од 10-20%, додека ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип има пазарно учество од 10-20%, па оттука на ќе имаат заедничко пазарно учество од 20-30%.

## 7. Попис и проценка на пазарните удели на главните конкуренти на учесниците во концентрацијата

Според подносителот, на територијата на општина Охрид се присутни следните оператори на електронски комуникациски мрежи и даватели на електронски комуникациски услуги кои обезбедуваат услугите: пазар на обезбедување на услуги на пренос на аудио-визуелни содржини до крајни корисници (пренос на ТВ содржини до крајни корисници) и пазар на обезбедување на услуги на широкопојасен интернет пристап за крајни корисници (пристап до интернет), а кои според проценката и претпоставката на подносителот, го имаат следниот удел на пазарот:

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

| Ред. бр. | Име на операторот | Обезбедување на услуги на пренос на аудио-визуелни содржини до крајни корисници | | Пристап до интернет | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | % на удел | број на претплатнички договори | % на удел | број на претплатнички договори |
| 1. | Македонски Телеком | 30-40 | ххх | 30-40 | ххх |
| 2. | А1 Македонија Скопје | 5-10 | ххх | 20-30 | ххх |
| 3. | АЛТРАСАТ | 10-20 | ххх | 10-20 | ххх |
| 4. | ТОТАЛ ТВ | 0-5 | ххх | / | / |
| 5. | М-ТЕЛ | 0-5 | ххх | / | / |
| 6. | НЕОТЕЛ | / | / | 5-10 | ххх |
| 7 | ИНФЕЛ – КТВ | 10-20 | ххх | 10-20 | ххх |
| 8 | ТЕЛЕКАБЕЛ | 10-20 | ххх | 10-20 | ххх |
| | **Вкупно:** | 100 | ххх | 100 | ххх |

Услугата обезбедување на услуги на пренос на аудио-визуелни содржини до крајни корисници на територијата на РСМ ја нудат 39 нотифицирани субјекти/оператори според Годишниот извештај за развојот на пазарот на електронски комуникации за 2022 година (стр.43), од кои на територијата на општина Охрид ја нудат следните оператори: Македонски Телеком АД Скопје, А1 Македонија, АЛТРАСАТ, ТОТАЛ ТВ, М-ТЕЛ, ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО и ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип.

Услугата обезбедување на услуги на широкопојасен интернет пристап за крајни корисници (пристап до интернет) на територијата на РСМ ја нудат 76 нотифицирани субјекти/оператори според Годишниот извештај за развојот на пазарот на електронски комуникации за 2022 година (стр.34), од кои на територијата на општина Охрид ја нудат следните оператори: Македонски Телеком АД Скопје, А1 Македонија, АЛТРАСАТ, НЕОТЕЛ, ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО и ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип

**8.Детален опис на организацијата на дистрибутивната или малопродажната мрежа на стоки и/или услуги на релевантниот пазар**

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

На територија на општина Охрид, сите учесници на пазарот имаат свои продажни салони каде корисниците/потрошувачите можат да склучат стандарден претплатнички договор за користење на електронска комуникациска услуга, по сопствен избор. Поголемите оператори (Македонски Телеком АД Скопје, А1 Македонија, ТОТАЛ ТВ, М-Тел) имаат развиени и други продажни канали како што се: on – line продажба, продажба од врата на врата, продажба по телефон итн.

ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип врши продажба на своите услуги на територијата на Северна Македонија во секој град каде ги нуди услугите а во општина Охрид само во својот продажен салон кој се наоѓа на адреса бул. Туристичка бр.1, Охрид. Други продажни канали ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип нема.

ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО врши продажба на своите услуги само во својот продажен салон кој се наоѓа на адреса бул. Туристичка, ТЦ Гранит лок.12, Охрид. Други продажни канали ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО нема.

**9. Структура на имателите на акции во претпријатието над кое се стекнува контрола односно решавачко влијание, пред и после спроведената концентрација (изразена во проценти)**

**9.1. Структура на иматели на акции во претпријатието над кое се стекнува контрола – пред спроведувањето на концентрацијата:**

Основачи и иматели на удели во ИНФЕЛ – КТВ Охрид се: г-дин Гоце Ивановски со 97% удел и Друштвото за производство, инжинеринг и услуги ИНФЕЛ Гоце увоз – извоз Охрид ДООЕЛ со 3% удел.

Основач и имател на 100% удел во Друштвото за производство, инжинеринг и услуги ИНФЕЛ Гоце увоз – извоз Охрид ДООЕЛ е г-дин Гоце Ивановски.

| Акционери | Учество (%) |
|---|---|
| 1. Гоце Ивановски | 97 |
| 2. ИНФЕЛ Гоце увоз – извоз Охрид ДООЕЛ | 3 |
| **Вкупно** | **100** |

**9.2. Структура на иматели на акции во претпријатието над кое се стекнува контрола – по спроведувањето на концентрацијата:**

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Основач и единствен имател на 100% удел во ИНФЕЛ – КТВ ДОО Охрид ќе биде **ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип.**

| Акционери | Учество (%) |
|---|---|
| 1. ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип | 100 |
| **Вкупно** | **100** |

**10. Оценка на концентрацијата**

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата, Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата и Насоките за оценка на хоризонталните концентрации за целите на Законот за заштита на конкуренцијата, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

По извршената концентрација нема да дојде до значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците, бидејќи по концентрацијата, заедничкото пазарно учество на учесниците во концентрацијата на релевантните пазари изнесува под 40%, без разлика дали релевантниот географски пазар ќе се дефинира пошироко (територијата на Република Северна Македонија) или потесно (територијата на општина Охрид).

Дополнително, согласно податоците од подносителот, услугата обезбедување на услуги на пренос на аудио-визуелни содржини до крајни корисници (пренос на ТВ содржини до крајни корисници), на територијата на општина Охрид ја нудат следните оператори Македонски Телеком АД Скопје, А1 Македонија, АЛТРАСАТ, ТОТАЛ ТВ, М-ТЕЛ, ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО и ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип. При дефинирање на релевантниот географски пазар како територија на општина Охрид заедничкото пазарно учество на учесниците во концетрацијата, по концентрацијата ќе

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

изнесува 30-40%. Според податоците од подносителот, Македонски Телеком АД Скопје веќе поседува 30-40% пазарен удел, додека следниот поголем оператор АЛТРАСАТ има пазарен удел од 10-20%, што значи дека на пазарот има голема конкуренција од страна на учесници со големи пазарни удели.

Согласно податоците од подносителот, услугата на широкопојасен интернет пристап за крајни корисници (пристап до интернет), на територијата на општина Охрид ја нудат следните оператори Македонски Телеком АД Скопје, А1 Македонија, АЛТРАСАТ, НЕОТЕЛ, ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО и ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип. При дефинирање на релевантниот географски пазар како територија на општина Охрид Заедничкото пазарно учество на учесниците во концетрацијата, по концентрацијата ќе изнесува 20-30%. Според податоците од подносителот Македонски Телеком АД Скопје веќе поседува 30-40% пазарен удел, А1 Македонија поседува 20-30%, додека АЛТРАСАТ има пазарен удел од 10-20%, што значи дека на пазарот има голема конкуренција од страна на учесници со големи пазарни удели.

Исто така, претплатниците/потрошувачите и од ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО и од ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип можат без никакви последици да ги сменат овие два оператори, бидејќи стандардните претплатнички договори што учесниците во концетрацијата ги склучиле и ги склучуваат со своите претплатници се без обврзувачки услови и казнени пенали, склучени на неопределено време. Понудата на електронски комуникациски услуги на територијата на општина Охрид е богата и шаренолика, па корисниците/потрошувачите имаат широк избор на можности во ист или сличен ценовен опсег, кај бројните понудувачи.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**